РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број. / Numer. 01-526/1
05.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 22 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 8 и член 41 став 1 алинеја 9 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., согласно со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-418/4 од 3.2.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5 седница одржана на 3.2.2026 г., донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3256/1 од 12.7.2018 г., бр.01-1770/1 од 28.4.2021 г., бр.01-2778/1 од 23.7.2021 г. и бр.01-3612/1 од 30.9.2022 г. (во понатамошниот текст: Правилник за систематизација на работни места во Агенцијата).

## Член 2

Во глава „II.2.5. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ОПШТИ РАБОТИ“, подглава „II.2.5.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ РАБОТИ“, се вршат следните измени:

- кај работното место под реден број „65. ВОЗАЧ, ДОСТАВУВАЧ“, во делот: „Број на извршители:“, зборовите „2 (двајца)“ се заменуваат со зборовите: „3 (тројца)“ и
- кај работното место под реден број „66. РАБОТНИК НА ПРИЈАВНИЦА“, во делот: „Број на извршители:“, зборовите „2 (двајца)“ се заменуваат со зборовите: „1 (еден)“.

## Член 3

Во Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата во Прилогот број 1: „Табеларен преглед на работните места и звања“, се вршат следниве измени:

- во редот со број „65“, кај работното место „Возач, доставувач“, во петтата колона „Бр. на извршители“, бројот „2“ се заменува со бројот „3“ и
- во редот со број „66“, кај работното место „Работник на пријавница“, во петтата колона „Бр. на извршители“, бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

## Член 4

Во останатиот дел Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3256/1 од 12.7.2018 г., бр.01-1770/1 од 28.4.2021 г., бр.01-2778/1 од 23.7.2021 г. и бр.01-3612/1 од 30.9.2022 г., не се менува.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

Член 5

Овој Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата влегува во сила со денот на неговото донесување.

Член 6

Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3256/1 од 12.7.2018 г., бр.01-1770/1 од 28.4.2021 г., бр.01-2778/1 од 23.7.2021 г. и бр.01-3612/1 од 30.9.2022 г., ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
заменик на претседателот на Советот,

м-р Зирјета Јајага